**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
Бр 14-17211/1
29.12.2016 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 5 од Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 220/16 ), член 4 и член 7 од Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачките кадри (“Службен весник на Република Македонија” бр. 18/12, 64/13, 98/13, 70/14, 88/14 ,74/15, 140/15 и 178/15 ), министерот за образование и наука, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за утврдување на начинот на пресметка на трошоците за месечна стипендија на студенти кои студираат во странство

1. Со ова Решение се утврдува начинот на пресметка на трошоците за месечна стипендија на студентите кои студираат во странство, а согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци”, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите нации и е важечка на денот на објавувањето на Конкурсите на Министерството за образование и наука за доделување стипендии за академски студии од прв, втор односно трет циклус во странство за академската 2017/2018 година (стипендии на првите сто рангирани универзитети според последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, стипендии од областа на филмската уметност на Film Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка и стипендии за изучување на старотурски јазик).

2. Износот на месечната стипендија се пресметува врз основа на следната формула, користејќи ги индексите од Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци”, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите нации и е важечка на денот на објавувањето на Конкурсите за доделување стипендии за академски студии од прв, втор и трет циклус во странство за академската 2017/2018 година:

Индексот на трошоци за живот за Вашингтон, САД се множи со 10. Овој износ се множи со индексот за државата за која студентот добил стипендија. Производот се дели со 100 и се добива износ во американски долари. Овој износ во американски долари се пресметува во денари, според средниот курс на НБРМ на денот на донесување на Решението за утврдување на начинот на пресметка на трошоците за месечна стипендија на студенти кои студираат во странство.
.

3. Износот утврден согласно формулата од став 2 на ова Решение се исплаќа месечно на сите лица кои се избрани за корисници на стипендии, согласно Конкурсите на Министерството за образование и наука за доделување стипендии за академски студии од прв, втор односно трет циклус во странство за академската 2017/2018 година.

4. Составен дел на ова Решение е Листата на трошоците за месечна стипендија на студентите кои студираат во странство, избрани со Конкурсите за доделување стипендии за академски студии од прв, втор односно трет циклус во странство за академската 2017/2018 година. Како референта листа на земји е земена листата на универзитети кои припаѓаат во првите сто рангирани универзитети според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет. За земјите кои не се наведени во листата ќе се применува формулата од став 2 на ова Решение.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Прилог:** Листата на трошоците за месечна стипендија на студентите кои студираат во странство

**Месечни стипендии за учебната 2017/2018 година по земји пресметани врз основа на„Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци“која ја објавуваат надлежните органи на Организацијата на Обединетите нации**

,

- Индекс на ООН од август 2016 година
среден курс на УСД (по НБРМ на 29.12.2016) = 59,1091

| **Земја** | **Референтен град** | **Износ на стипендиија во МКД** |
|---|---|---|
| Австралија | Сиднеј | 51.759 ден. |
| Австрија | Виена | 51.759 ден. |
| Белгија | Брисел | 53.739 ден. |
| Босна и Херцеговина | Сараево | 44.575 ден. |
| Бразил | Бразилија | 50.402 ден. |
| Бугарија | Софија | 45.933 ден. |
| Канада | Монтреал | 53.117 ден. |
| Кина | Пекинг | 51.646 ден. |
| Кина, Хонг Конг | Хонг Конг | 54.248 ден. |
| Чешка Република | Прага | 45.763 ден. |
| Данска | Копенхаген | 54.192 ден. |
| Финска | Хелсинки | 50.798 ден. |
| Франција | Париз | 53.456 ден. |
| Германија | Бон | 49.214 ден. |
| Унгарија | Будимпешта | 47.064 ден. |
| Ирска | Даблин | 48.252 ден. |
| Израел | Ерусалим | 54.078 ден. |
| Италија | Рим | 52.664 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| Холандија | Хаг | 50.798 ден. |
| Норвешка | Осло | 53.569 ден. |
| Руската Федерација | Москва | 52.042 ден. |
| Сингапур | Сингапур | 54.305 ден. |
| Словачка | Братислава | 46.555 ден. |
| Словенија | Љубљана | 46.612 ден. |
| Шпанија | Мадрид | 48.761 ден. |
| Шведска | Стокхолм | 49.214 ден. |
| Швајцарија | Женева | 62.224 ден. |
| Турција | Анкара | 45.706 ден. |
| Велика Британија | Лондон | 54.305 ден. |
| САД | Вашингтон | 54.135 ден. |
| Јапонија | Токио | 58.264 ден. |
| Саудиска Арабија | Ријад | 50.175 ден. |
| Аргентина | Буенос Аирес | 51.872 ден. |
| Хрватска | Загреб | 46.781 ден. |